Влада на Република Северна Македонија
- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА –

# ЗАКЛУЧОЦИ

**од седмата седница на**

# СОВЕТОТ ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**16декември 2019**

1. Советот за РЈА го разгледа и усвои Вториот полугодишен извештај за имплементација на Стратегијата за РЈА 2018 – 2022 со Акциски план
2. Членовите на Секретаријатот за РЈА, во текот на јануари 2020 година ќе го координираат процесот на прибирање на податоци за подготовка на Вториот годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 со Акциски План.
3. Министерството за информатичко општество и администрација ќе ја координира ревизијата на Акцискиот План на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, и истата ќе ја финализира во соработка со институциите до 20 декември 2020 година.
4. Министерството за информатичко општество и администрација ќе подготви Информација за спроведување на проектот "Support to State Reorganisation", со насоки за давање поддршка од и соработка со институциите.
5. Институциите кои немаат доставено Извештај од спроведена функционална анализа до Министерството за информатичко општество и администрација, истото да го направат најдоцна до 30 декември 2019 година.


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk